# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2020

## Порака до водачите, помошниците и учителите на саботната школа во месните цркви

Првиот дел од богослуженијата во Адвентистичката црква се нарекува саботна школа. Нејзиното потекло и значење се тесно поврзани со неделната школа настаната во 18 век во Нотингем, Англија. Обезбедувањето поука на децата и младите, а подоцна и на возрасните, тоа била водечка идеја на овие школи. Првата школа од ваков вид меѓу адвентистите била организирана од Џејмс Вајт во 1853 година во градот Рочестер, во државата Њујорк (САД). Школата имала само две групи, деца и возрасни. Големо значење се придавало на учењето на библиските стихови напамет. За понатамошниот развој на саботната школа многу ќе придонесе Г. Х. Бел, првиот учител во школата во Батл Крик. Одделението за саботна школа ќе доживее сериозна реорганизација во 1985 година, кога станало посебна служба во рамките на црквата, дел од новото одделение за црковни служби. На состанокот на Генералната конференција во 1995 година, било организирано посебно одделение, кое денеска се нарекува Sabbath School / Personal Ministries Department, што во наш контекст ќе биде Одделение за саботна школа и лична служба.

Целите што сакаме да ги постигнеме со одржувањето на овој дел од богослуженијата се да ја поттикнеме мисијата, проучувањето на Библијата, молитвата и заедништвото меѓу верниците. Саботната школа ја промовира мисијата што ја извршува адвентистичката црква како на локален, така и на глобален план. Проучувањето на Библијата и молитвата се суштината на духовниот живот на секој христијанин и тоа е нешто што треба постојано да се повторува и да се нагласува во саботната школа. Но, ние сме исто така и социјални, друштвени суштества и здравиот облик на дружење и поддршка е она што секој присутен во Адвентистичката црква треба да го почувствува и искуси за време на проучувањето на саботношколскиот материјал. Ги повикуваме црковните водачи да посветат посебно внимание на посетителите на саботната школа кои немаат претходно искуство и познавање на

Библијата и соодветно да ги вклучат во дискусијата и да им овозможат да придонесат за заедничкото проучување. Ова бара посериозна подготовка, како и мудроста и водството на Светиот Дух.

Материјалот што го имате во ваши раце е помошно градиво за употреба на богослуженијата. За разлика од саботношколската поука, нема единствен материјал во целиот свет што се преведува за сите земји каде што има адвентистички цркви. Наша желба е ова да ви помогне во насочување на разговорот, создавање атмосфера, духовен раст и подобро да ја разберете пораката на Светото писмо. Вие најдобро ќе процените колку тие соодветно ги исполнуваат потребите на вашата црква.

Предизвиците за верата што ги носи современиот живот, се чувствуваат насекаде во светот, а од тоа не е изоставена ни нашата црква, како ни програмите и богослужбите во неа. Сè помалку има луѓе што ја посетуваат саботната школа, а сè повеќе има од оние кои доаѓаат само за да ја слушаат проповедта и да ја оценат. Многу локални цркви се борат да го одржат времето на учителските часови, како и да најдат соодветни и подготвени лица кои би ја воделе дискусијата во поглед на саботношколскиот материјал. И покрај сите предизвици, сигурни сме дека оваа работа е од голема вредност и важност за нашите деца, но и за возрасните. Не се обесхрабрувајте, туку пронајдете нова сила и продолжете понатаму. Ако сте во оваа служба подолго време, можеби би ви користела пауза и одмор. Вие, кои не сте во таква можност, сакаме да ве охрабриме со зборовите на апостол Павле: „Затоа, мои возљубени браќа, бидете цврсти, непоколебливи, секогаш пребогати во Господовото дело, знаејќи дека вашиот труд во Господа не е напразен“ (1. Коринќаните 15,58). На вас, на кои ви е доверено да ја водите саботната школа, сакаме да ви ја понудиме целата поддршка и во материјали и на секој друг можен начин. Бидете слободни да нè контактирате и, доколку е потребно, да нè повикате да ви помогнеме со вашата работа.

*Желимир Станиќ*
*Одделение за саботна школа и лична служба*
*при Југоисточната европска унија*

*Сабота, 3 октомври 2020*

## СЀ ЗАПОЧНУВА СО БОГА

**„Зашто во Него е создадено сѐ што е во небесата и на земјата; видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти; сѐ е создадено преку Него и за Него“ (Колошаните 1,16).**

Потрагата по целта на животот отсекогаш ги преокупирала луѓето. Но, ние често започнуваме од погрешна појдовна точка – од нас самите. Поставуваме егоцентрични прашања како следниве: Што сакам да бидам? Што сакам со мојот живот? Кои се моите цели, моите амбиции, моите соништа за мојата иднина? Ако се сосредоточиме на себеси, никогаш нема да ја откриеме целта на нашиот живот. Библијата вели: „Во неговата рака лежи животот на секое суштество и животворниот здив на секое човечко тело“ (За Јов 12,10).

Наспроти она што ти го кажуваат многу популарни книги, филмови и курсеви, нема да ја откриеш смислата на вашиот живот гледајќи на себеси. Веројатно претходно си го испробал тоа. Не си се создадол самиот, па не можеш ни да си објасниш со каква намера си создаден. Кога би ти покажал пронајдок што претходно не си го видел, ти не би знаел која е неговата цел, а самиот пронајдок не може да ти објасни многу. Само пронаоѓачот или упатството за употреба може да ја објасни целта на пронајдокот.

Како, тогаш, да ја откриеш целта за која си создаден? Имаш само две опции. Првата е нагаѓање. Повеќето луѓе го избираат ова. Претпоставуваат, нагаѓаат, теоретизираат. Кога некое лице ќе рече: „Отсекогаш мислев дека животот е...“, тоа всушност мисли: „Ова е најдоброто што можев да го смислам.“ Со илјадници години, брилијантни филозофи расправале и размислувале за значењето и смислата на животот. Филозофијата е важен предмет и од неа има полза, но кога станува збор за утврдување на смислата на животот, дури и најмудрите филозофи само нагаѓаат. Д-р Хју Мурхед, професор по филозофија на Универзитетот Нортвестерн

во Илиноис, писмено контактирал 250 најпознати филозофи, научници и интелектуалци во светот, поставувајќи им го прашањето: „Која е смислата на животот?“ Потоа, тој објавил книга со нивните одговори. Некои ги понудиле своите најдобри предлози, некои признале дека штотуку ја измислиле смислата на животот, а други биле доволно искрени да признаат дека немаат поим. Всушност, голем број познати интелектуалци го замолиле професорот Мурхед да им напише писмо и да им каже што е тоа, доколку ја открие смислата на животот!

Во една прилика се изгубив во планините. Кога застанав да прашам како да стигнам до кампот, ми рекоа: „Не можеш таму да стигнеш од тука. Треба да одиш од другата страна на планината!“ Исто така, не можеш да ја откриеш смислата на својот живот фокусирајќи се на себеси. Треба да започнеш од Бога, од твојот творец. Постоиш само затоа што Бог сака да постоиш. Бог те создал за себе. Сè додека не го сфатиш ова, животот нема да има смисла. Само во Господа можеме да го откриеме нашето потекло, нашиот идентитет, нашето значење и нашата судбина. Секој друг пат е ќорсокак. За да ја откриеш целта на пронајдокот, најлесно е да го прашаш пронаоѓачот. Истото важи и за откривањето на смислата на твојот живот: прашај го Бога. Бог не оставил ние да нагаѓаме и да талкаме во мракот. Јасно ни е откриено во Библијата: Својата смисла на животот ја откриваш во заедницата со Христа.

*Сабота, 10 октомври 2020*

## ТИ НЕ СИ СЛУЧАЈНОСТ

**„Вака вели Господ, кој те создаде, кој те створи во утробата“ (Исаија 44,2а).**

Ти не си случајност. Твоето раѓање не било грешка или несреќа, ниту твојот живот случајност. Можеби твоите родители не планирале да се родиш, но Бог знаел однапред. Тој воопшто не бил

изненаден од твоето раѓање. Всушност, тој го очекувал тоа. Библијата вели: „Моите коски не Ти беа скриени додека се создавав во тајност“ (Псалм 139,15). „Твоите очи го видоа мојот зародишок, веќе сè беше запишано во Твојата книга; деновите ми беа одредени, уште додека не беше ниеден“ (Псалм 139,16). Божјата намера ја зема предвид човечката грешка, па дури и гревот. Бог никогаш не прави ништо случајно и никогаш не греши. Тој има причина за сè што создал. Секое растение и секое животно било планирано од страна на Бога, и секој човек е создаден за да има цел во себе. Божјата љубов била мотивот за твоето создавање. Библијата вели: „Зашто нè избра во Него, пред создавањето на светот, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубов“ (Ефешаните 1,4).

Бог мислел на тебе уште пред да го создаде светот. Всушност, тој затоа и го создал! Бог ја создал нашата планета таква каква што е, токму за тоа да можеме ние да живееме на неа. Ние сме предметот на неговата љубов и највредните од сите негови суштества. Библијата вели: „Тој нè роди според Својата волја преку Словото на вистината, за да бидеме првина на Неговите созданија“ (Јаков 1,18). Ете, толку многу Бог те сака и цени! Бог не е хазардер (лице што става сè на коцка); Тој планира сè со голема прецизност. Колку повеќе физичарите, биолозите и другите научници дознаваат за универзумот, толку подобро можеме да разбераме колку е совршен за нашиот живот, како го поседува токму она што е потребно за човекот да може да живее во него. Д-р Мајкл Дентон, менаџер на истражувачкиот тим за хумана молекуларна генетика при универзитетот Отаго, во Нов Зеланд, го заклучил следново: „Сите докази што ни се достапни благодарение на биолошките студии, само ја поддржуваат суштината на тврдењето... дека целиот космос е замислен како целина, ентитет чија примарна цел и смисла претставува животот и човечкиот род.“ Библијата за ова зборувала со векови порано: „Бог, кој ја создал земјата, не ја создал напразно, туку направил на неа да се престојува, да се живее.“

Зошто Бог го направил сево ова? Зошто би го сторил сето ова и би се мачел создавајќи универзум за нас? Затоа што тој е Бог на

љубовта. Ваквата љубов е немерлива, но потполно сигурна. Вие сте создадени како посебен предмет на Божјата љубов! Бог те создаде за да може да те сака. Тоа е вистината врз која треба да го градиш својот живот. Библијата ни кажува: „...Зашто Бог е љубов“. Не вели дека Бог има љубов, туку Тој е љубов! Љубовта е суштината на Божјиот карактер. Постои совршена љубов во заедницата на Триедниот Бог, затоа Бог немал посебна потреба да те создаде. Тој не бил осамен. Сепак, тој сакал да те создаде за да ја изрази својата љубов. Бог вели: „Слушај Ме... Јас те понесов туку што се роди и те носев од мајчиното крило. Јас ќе останам ист до твојата старост, ќе те потпирам до твоето побелување. Тоа го правев; и ќе те носам и натаму, ќе ти помагам, ќе те избавувам.“

*Сабота, 17 октомври 2020*

## КОГА СЕ ЧИНИ ДЕКА БОГ Е ДАЛЕКУ?

**„Ќе Го чекам Господа Кој го скрил Своето лице од Јакововиот дом - јас се надевам во Него“ (Исаија 8,17).**

Бог е реален, вистински, без разлика како се чувствуваш ти. Лесно е да се прославува Бог кога сѐ во твојот живот оди добро, кога тој се погрижил да имаш храна, пријатели, семејство, здравје и среќа. Но, приликите не се секогаш пријатни. Како да го славиме тогаш? Што правиш кога ти се чини дека Бог е оддалечен милиони километри? Најдлабокиот степен на прославување на Бога е тогаш кога го славам и покрај болката што ја носам, кога му се заблагодарувам и покрај неволјата во која сум западнал, кога му верувам и тогаш кога над мене надвиснало искушение, кога морам да претрпам и страдам, и го сакам и тогаш кога ми се чини дека е далеку. Пријателството честопати се става на проверка кога сме разделени и настанува тишина; или сме физички оддалечени или сме спречени да разговараме. Во твоето пријателство со Бога, не секогаш ќе се чувствуваш близу до него. Филип Јенси

мудро забележал: „Во секој меѓусебен однос има време на блискост и време на раздвоеност, а во врската со Бога, без оглед на блискоста, нишалото ќе се движи од едната до другата страна“.

Тогаш е тешко да го прославуваш. За да стане твоето пријателство зрело, Бог ќе го стави на проверка во периоди на привидна разделба, кога ќе ти се чини дека Те оставил или Те заборавил. Се чувствуваш како Господ да е далеку милиони километри. Јован зборува за овие денови на духовна суша, сомнеж и отуѓување како за „духовна ноќ“. Хенри Ноувен ги нарекува „служба на отсуство“. А. В. Тозер тие денови ги нарекуваа „ноќна служба“. Други зборуваат за нив како „ладно срце“. Освен Исус, Давид имал поблиско пријателство со Бога од кој било друг човек. Бог уживал да го нарекува „човек според моето срце“. Сепак, Давид честопати негодувал поради привидното отсуство на Бога; „Боже мој, Боже мој, зошто ме остави? Далеку си од моето спасение, од зборовите на моето офкање. Боже мој, викам дење, но не одговараш; и ноќе но немам мир“ (Псалм 22,1.2). „Зошто ме остави? „Се разбира, Бог не го оставил Давида, исто како што не те остава ни тебе. Постојано ветувал: „Никогаш нема да отстапам од тебе, ниту ќе те оставам.“ Но, Бог не ветил „секогаш ќе го чувствуваш моето присуство“, Всушност, Библијата вели дека Бог понекогаш го крие своето лице од нас. Постојат моменти во твојот живот кога се чини дека си се „изгубил на дело“. Флојд Мекланг го опишува тоа на овој начин: „Се будиш така едно утро, и сите твои духовни чувства исчезнале. Се молиш, и ништо. Го прекоруваш ѓаволот, нема промена... пријателите се молат за тебе... го признаваш секој грев што ќе ти падне на ум, одиш наоколу и молиш за прошка од сите оние што ги познаваш. Постиш... и уште нема ништо. Почнуваш да се прашуваш колку долго ќе трае оваа духовна глувост? Со денови? Со недели? Со месеци? Има ли крај?... Имаш впечаток дека твоите молитви се одбиваат од таванот. Длабоко депресивен, извикнуваш: ‘Што се случува со мене?‘ Вистината е дека со тебе е се во ред! Ова е нормално созревање на твоето пријателство со Бога.“ Секој христијанин поминува низ ова барем еднаш. Болно е и збунувачко, но неопходно. Ова сознание му дало надеж на Јов

кога не можел да го осети Божјето присуство. Тој рекол „Но, ете, јас одам напред - а Него Го нема, назад се враќам - и не Го наоѓам; врши ли Тој нешто на левата страна, јас не Го гледам, се крие ли на десната - не Го забележувам. Но, Тој го знае патот мој, нека ме испита, - ќе излезам како злато чист“ (Јов 23,8-10).

Кога изгледа како Бог да се оддалечил, можеби ќе ти се чини како Тој да се лути на тебе или те казнува за некој грев. Всушност, гревот навистина нѐ одделува од блискиот меѓусебен однос со Бога. Со нашата непослушност, судир со другите, презафатеност, пријателство со овој свет и други гревови, ние го жалиме Божјиот Дух и го ладиме нашето заедништво со него. Чувството на отфрленост и отуѓеност од Бога нема никаква врска со гревот. Сите мора да се соочиме со ова: дали ќе продолжиш да го сакаш, да веруваш, да го слушаш и да го славиш Бога дури и тогаш кога не го чувствуваш неговото присуство или немаш видлив доказ за неговото дејствување во твојот живот? Најчестата грешка што ја прават денес христијаните во славењето на Бога е што бараат доживување, а не го бараат Бога. Тие очекуваат појава на посебни чувства, и ако не се случи тоа, тие заклучуваат дека не го прославуваат Бога. И тука прават грешка! Всушност, Бог честопати ги отстранува нашите чувства за да не зависиме од нив. Барањето чувства, дури и чувства на блискост со Христа, не е прославување на Бога. Бог е секогаш со нас, независно од тоа какви се сега нашите чувства!

*Сабота, 24 октомври 2020*

## СОЗДАДЕН ЗА ВЕЧНОСТА

**„Сето тоа Тој го направил да биде прекрасно во свое време. Ни дал и чувство за времето и просторот, но пак не може човекот да ги разбере докрај делата Божји што Тој ги врши од почетокот до крајот“ (Проповедник 3,11).**

Животот не е таков како што изгледа. Животот на земјата е само проба на костумите пред вистинската изведба на претставата. Ќе поминеш многу повеќе време во вечноста отколку тука. Земјата е сцена, предучилишна установа, проба за живот во вечноста. Тоа е тренинг пред натпреварот; загревање пред трката. Овој живот е подготовка за следниот. Во најдобар случај, овде ќе живееш можеби и до сто години, но ќе бидеш во вечноста засекогаш. Твојот земен живот, според зборовите на Сер Томас Браун, „е само мала заграда во вечноста". Ти си создаден да траеш вечно.

Библијата вели: „Сè што прави Тој е прекрасно во свое време; им ја всадил вечноста во нивните срца" (Проповедник 3,11). Во тебе постои вроден инстинкт кој се стреми кон бесмртноста. Така е затоа што Бог те обликувал според Неговиот лик, да живееш засекогаш. Иако знаеме дека секој умира еднаш, секогаш ни се чини дека смртта е нешто неприродно и нефер. Причината поради која чувствуваме дека треба да живееме вечно се состои во тоа што Бог ја „всадил" таа желба во нашиот мозок! Еден ден срцето ќе престане да чука. Тогаш твоето тело ќе заврши и твоето време на земјата ќе заврши, но тоа нема да биде твојот крај. Библијата го нарекува твоето земно тело „шатор", но за твоето идно тело, го нарекува „дом". Библијата вели, „Зашто, знаеме: ако се разурне нашиот земен дом, кој е како шатор, имаме од Бога зграда, вечен дом на небесата, што не го изградила човечка рака" (2. Коринќаните 5,1). Додека земниот живот нуди мноштво избори, вечноста нуди само два: живот со Бога или смрт. Твоето заедништво со Бога овде на земјата ќе го одреди твоето заедништво со Него во вечноста. Ако научиш да го сакаш и да веруваш во Синот Божји, Исус, ќе бидеш повикан да ја поминеш вечноста со него. Од друга страна, ако ја одбиеш оваа љубов, проштавање и спасение, ќе ја поминеш вечноста засекогаш одвоен од Бога.

Клајв С. Луис вели: „Постојат два вида луѓе: оние што му велат на Бога 'нека биде твојата волја' и оние на кои Бог им вели: 'Добро, нека биде според твојата волја'." Тоа е тажно, но многумина ќе живеат засекогаш без Бога, затоа што избрале да живеат без Него овде на земјата. Кога целосно ќе разбереш дека постои нешто

повеќе од овој сегашен живот, и кога ќе сфатиш дека животот е само подготовка за вечноста, ќе почнеш да живеш поинаку. Ќе почнеш да живееш во светлината на вечноста, и тоа ќе ја обои твојата врска, задача и ситуација. Одеднаш, многу активности, цели, па дури и проблеми што до тогаш ти се чинеле толку важни, ќе почнат да ти изгледаат неважни, мали и безвредни. Колку поблиску живееш до Бога, тогаш сè друго ти се чини помалку вредно. Кога живееш во светлината на вечноста, твоите мерила за вредност се менуваат. Ти го користиш твоето време и пари помудро. Им придаваш поголема вредност на меѓусебните односи со луѓето и ближните отколку на славата, богатството и достигнувањата или забавата. Твоите приоритети се поставени на духовна основа. За тебе веќе не е важно да бидеш во чекор со трендовите, модата и популарните вредности. Во однос на вечноста, нашето време на земјата е само како трепкање на очите, но неговите последици ќе бидат вечни. Делата направени во овој живот ќе одлучат за судбината на следниот. Можеби ни се чини дека ни е дадено малку време; но доволно е за да донесеме правилна одлука.

*Сабота, 31 октомври 2020*

## ГЛЕДАЈТЕ НА ЖИВОТОТ ОД БОЖЈА ПЕРСПЕКТИВА

**„Ние не ги гледаме работите како што сè, но ги гледаме такви какви што сме ние“ (Анаис Нин).**

Начинот на кој ти го гледаш својот живот, го обликува твојот живот. Твоите животни одредници ја определуваат твојата судбина. Твојот поглед кон иднината ќе влијае на тоа како го трошиш своето време, како ги трошиш парите, како ги користиш своите таленти и како ги вреднуваш своите пријателства. Еден од најдобрите начини да ги разбереш другите луѓе е да ги прашаш: „Како гледаш на својот живот?“ Ќе откриеш дека има толку различни одговори колку што има луѓе. Ми беше речено дека животот е

циркус, минско поле, тобоган, сложувалка, симфонија, патување и танц. Ако прашав како би го претставил својот живот, каква слика би ти дошла на ум? Таа слика е твојата животна метафора. Тоа е поглед на животот што го следиш, свесно или несвесно. Тоа е начинот на кој го опишуваш животот и што очекуваш од него.

Луѓето честопати ги искажуваат своите животни ставови носејќи одредена облека, накит, возејќи одредена марка автомобил, имаат посебна фризура, налепници и така натаму. Твојот неискажан поглед на животот влијае на твојот живот повеќе отколку што мислиш. Ги одредува твоите очекувања, вредности, односи, цели и приоритети. На пример, ако мислиш дека животот е забава – основната вредност во твојот живот ќе биде забавата. Ако мислиш дека животот е трка, ќе ја цениш брзината и веројатно ќе брзаш цело време. Ако мислиш дека животот е маратон, ќе ја цениш издржливоста. Ако мислиш дека животот е борба или игра, победата ќе ти биде многу важна. Кој е твојот поглед на животот? Можеби го темелиш твојот живот на погрешна слика за животот. За да ја исполниш целта заради која Бог те создал, мора да се спротивставиш на општоприфатената мудрост и да ја замениш со библиската претстава за животот. Библијата вели: „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!" (Римјаните 12,2).

Животот на земјата е доверен дар. Ова е добра библиска метафора за животот. Нашето време на земјата, нашата енергија, интелигенција, можности, пријателства и средства се дарови од Бога и Тој ни ги доверил нам, за ние да се грижиме и да управуваме со нив. Ние сме управители на сето она што Бог ни го дал. Овој концепт на управување започнува со сознанието дека Бог е сопственик на сѐ и владетел на сѐ што постои на земјата. Библијата вели: „Господова е земјата и сѐ што е на неа, светот и сите кои живеат во него" (Псалм 24,1).

Затоа запрашај се: што правам со дарот што ми е доверен? Како го користам?

*Сабота, 7 ноември 2020*

## КАКО РАСТЕМЕ?

**„За да не бидеме веќе деца, кои ги лулее и ги носи секој ветар на науката, што - со човечката измама и лукавство - доведува до итро измислени заблуди. Туку, говорејќи ја вистината, во љубов, ние треба да растеме во сè - кон Него, Кој е Глава, Христос“ (Ефесјаните 4,14-15).**

Бог сака да пораснеш. Целта на твојот небесен Отец за тебе е да станеш зрел и да ги изградиш особините на Исуса Христа. За жал, милиони христијани стареат, но никогаш не растат. Тие се заглавиле во духовното детство, останувајќи во пелени и со зајачиња. Причината е што тие никогаш немале намера да пораснат. Духовниот раст не е нешто што ќе се случи само по себе. Тука треба да се вклучите, да се ангажирате. Мора да сакате да растете, да одлучите да растете, да вложувате напор за да растете и да истраете во растењето. Учеништвото – а тоа е процес во кој стануваме слични на Христа – секогаш започнува со одлука. Исус нè повикува, а ние одговараме; како во случајот со Христовите ученици. Кога решиле да го следат Исуса, тие не разбрале што опфаќа таа одлука. Тие едноставно одговориле на Исусовиот повик. Тоа е сè што ти е потребно за да започнеш: одлучи се да станеш ученик. Ништо не може да го обликува твојот живот подобро од обврските што ги прифаќаш. Твоите обврски можат да те изградат или да те уништат, но во секој случај, тие ќе ти помогнат да се определиш. Некој рекол, „Кажи ми на што си се посветил, и јас ќе ти кажам што ќе бидеш за дваесет години.“ Ние стануваме она на што сме посветени. Во оваа точка, точката на посветеност на нешто конкретно, повеќето луѓе го пропуштаат она што Бог има намера со нивниот живот. Многумина се плашат да се посветат на нешто и затоа животот ги носи напред-назад, ваму-таму. Други носат млаки одлуки што ги водат во различни насоки, што завршуваат со разочарување и обесхрабреност. Некои повторно

целосно се предаваат на световните цели – да станат богати и славни – и завршуваат разочарани, очајни и огорчени. Секој избор има вечни последици; затоа е подобро да избереш мудро.

Сличноста со Христа е последица на твојот избор во кој ти помага Христос и Неговиот Дух да го исполниш она што си го одбрал. Штом сериозно одлучиш да станеш како Христос, ќе почнеш да се однесуваш поинаку. Ќе мора да оставиш некои стари навики, да развиеш нови и со својата слободна волја да го промениш твојот начин на размислување. Биди сигурен дека Светиот Дух ќе ти помогне во овие промени. Библијата повикува: „Затоа, возљубени мои, како што секогаш бевте послушни, не само кога сум при вас, туку уште повеќе сега, кога не сум при вас, изработувајте го своето спасение со страв и трепет. Зашто Бог е Оној, Кој дејствува во вас да сакате и да постапувате, според Неговата волја" (Филипјаните 2,12-13). Овој стих укажува на двата дела на духовниот раст: ти гради, а Бог е тој што прави тоа да се оствари. Духовниот раст е заеднички напор – и твој и на Светиот Дух. Божјиот Дух работи со нас, не само во нас. Овој стих упатен до луѓето, зборува не само за тоа како да се биде спасен, туку и за тоа како да растеме духовно. Тој не вели „работи за" твоето спасение, затоа што не можеш да додадеш ништо на она што Исус веќе го сторил. За време на обука, ти вежбаш за да го развиеш своето тело, а не да го добиеш. Кога составуваш сложувалка, веќе ги имаш сите парчиња - твоја задача е да ги составиш заедно. Селаните ја обработуваат земјата, не за да ја создадат, туку за да го развијат она што веќе го имаат. Бог ти дал нов живот: сега ти си одговорен да работиш на него со страв и трепет. Ова значи дека сериозно го сфаќаш твојот духовен раст. Кога луѓето се небрежни околу нивниот духовен раст, тоа покажува дека тие не разбираат дека вложуваат во вечноста.

*Сабота, 14 ноември 2020*

## ПРЕОБРАЗЕНИ ОД ВИСТИНАТА

**„А Тој одговори и рече: ‘Напишано е: Човекот не ќе живее само од леб, туку од секој збор, што излегува од устата на Бога’“ ( Матеј 4,4).**

Вистината нѐ преобразува. Духовниот раст е процес во кој лагите се заменуваат со вистината. А вистината ја наоѓаме во Светото Писмо. Денес, Библиите се печатат повеќе од кога било, но Библијата на полица не вреди ништо. Милиони верници страдаат од духовна анорексија, гладуваат до смрт поради духовна неухранетост. За да бидеш здрав Исусов ученик, најважно е да се храниш со Божјата реч. Исус вели: „Ако останете во Мене и ако Моите зборови останат во вас... ќе бидете Мои ученици“ (Јован 15,7-8). Не е доволно само да веруваме во Библијата, ние мора да го исполниме својот ум со неа, за да може Светиот Дух да нѐ преобрази со својата вистина. Затоа треба да ја читаме Библијата, да ја истражуваме, да ја ги помниме нејзините стихови и да размислуваме за нив. Ти ја прифаќаш Божјата реч кога ја слушате и ја примаш со отворено срце. Параболата за сејачот илустрира како нашата приемчивост одредува дали Божјиот збор ќе се вкорени во нашиот живот и ќе вроди со плод или не. „И така, внимавајте како слушате!“ (Лука 8,18). Кога ти се чини дека не си научил ништо од проповедта, треба да го провериш својот став, особено кога станува збор за горделивоста - затоа што Бог може да ти зборува преку најдосадниот говорник ако си скромен и подготвен да ги слушаш.

Долго време, само поединци можеле да ја читаат Библијата, а сега можат и милијарди луѓе. И покрај ова, многу верници ги читаат дневните весници попосветено од Библијата. Не е ни чудо што не растеме. Не можеме да гледаме телевизија три часа, а потоа три минути да ја читаме Библијата и да очекуваме да растеме. Многумина кои тврдат дека веруваат во Библијата „од корица до

корица“ никогаш не ја прочитале од корица до корица. Ако ја читаш Библијата само петнаесет минути на ден, ќе ја прочиташ во целост за една година. Ако за половина час ја прекинеш телевизиска програма, и наместо тоа ја читаш Библијата, ќе ја прочиташ целата двапати годишно! Дневното читање на Библијата ќе ти помогне да ја разбереш Божјата волја и да го препознаеш неговиот глас.

Проучувањето на Библијата е уште еден практичен начин да ја имаш во себеси Речта. Разликата помеѓу читањето и учењето вклучува две дополнителни активности: поставување прашања поврзани со текстот и запишување на своите забелешки. Не можеш да ја проучуваш Библијата, ако не ги запишеш своите мисли. Тајната за успешно проучување на Библијата лежи во поставувањето на вистински прашања. Различни методи користат различни прашања. Ќе откриеш многу повеќе ако застанеш и едноставно прашаш: Кој? Што? Кога? Каде? Зошто? Како?

Библиските текстови порано се учеа напамет. Капацитетот на твоето помнење е Божји дар. Можеби мислиш дека имаш лошо помнење, но вистината е дека си меморирал милиони идеи, вистини, факти и слики. Се сеќаваш на она што ти е важно. Ако Божјата реч е важна за тебе, ќе одвоиш време да ја запомниш. Има многу придобивки од меморирањето на библиските стихови. Тоа ќе ти помогне да се спротивставиш на искушенијата, да донесуваш мудри одлуки, да ја намалиш напнатоста, да изградиш доверба, да понудиш добар совет и да разговараш за својата вера со другите. Твојата меморија е како и твоите мускули. Колку повеќе ги користиш, толку посилни тие стануваат, и полесно ќе биде да ги помниш пораките на Светото писмо. Затоа, Христовата реч нека се всели богато меѓу вас!

*Сабота, 21 ноември 2020*

## ПРЕОБРАЗЕН ОД НЕВОЛЈИТЕ

**„Зашто, нашата сегашна лесна неволја ни донесува прекумерно, и неизмерно, вечно изобилство на слава“ (2. Коринќаните 4,17).**

Ние не живееме во идеални услови. Бог користи разни ситуации за да работи на нашиот карактер. Всушност, тој повеќе се потпира на ситуациите за да направи да бидеме слични на Христа, отколку што се потпира на нашето читање на Библијата. Причината е јасна: ти се соочуваш со разни ситуации дваесет и четири часа на ден. Исус нè предупредил дека ќе имаме неволји во светот. Никој не е имун на болките или навредите кои доаѓаат поради страдањата, и никој не оди низ животот без проблеми. Животот се состои од низа проблеми. Кога и да решиш еден, другиот веќе го чека својот ред. Не секој проблем е голем, но сите тие се важни за процесот на растење што Бог го има за тебе. Петар нè уверува дека проблемите се природни, велејќи: „Возљубени мои, не чудете се на огненото испитување, што се појави меѓу вас, за да ве искуша, како да ви се случува нешто необично“ (1. Петрово 4,12). Бог ги користи проблемите за да те привлече поблизу до Себе.

Најдлабокото и најблиско доживување на прославување на Бога најверојатно ќе се случи тогаш кога се наоѓаш во најдлабоката темнина, кога срцето ти е скршено, кога ќе се чувствуваш напуштено, кога немаш излез, кога болката е голема и кога ќе се свртиш кон Бога. Тогаш кога минуваме низ некое страдање, ние учиме да му се молиме на Бога од срце, искрено и сесрдно. Кога сме во неволја, немаме сила за површни молитви. Џони Ериксон пишува: „Кога сè е розово, можеме да бидеме задоволни со тоа што го знаеме за Исуса, го имитираме, го цитираме и зборуваме за Него. Но, само во страдањето ќе го познаваме Исуса.“ Кога страдаме учиме некои работи за Бога што не можеме да ги научиме на кој било друг начин. Бог можел да го избави Јосиф од затворот, да го извлече Даниел од лавовската јама, да стори Ере-

мија да не биде фрлен во јама полна со кал, да не дозволи Павле три пати да доживее бродолом, да не дозволи тројца млади Евреи да бидат фрлени во огнената печка, но не е така. Тој дозволил да се случат овие неволји, но поради тоа, секој од овие луѓе бил поблизу до Бога. Проблемите нè принудуваат да се свртиме кон Бога и да се потпреме на Него, наместо на нас самите. Павле сведочел за ова: „Браќа, не сакаме да останете во незнаење во однос на неволјата што ни се случи во Азија, додека бевме оптоварени преку секоја мерка и над нашите сили, така што не се надевавме ни да го запазиме својот живот. Па и сами во себеси дојдовме до заклучок, дека ќе и бидеме предадени на смртта, за да не се надеваме сами на себеси, туку на Бога, Кој ги воскреснува мртвите“ (2. Коринќаните 1,8-9).

Никогаш нема да знаеш дека Бог е сè она што ти треба, сè додека Бог не е сè што имаш. Сè што му се случува на Божјето дете не му е мило на Бога, но Бог го изведува тоа на добро, иако сатаната и другите сакаат тоа да биде на штета на Божјето дете. Бидејќи Бог е милостив, несреќата може да биде згода во добриот план на Бога за вас. Еден од потешките стихови се наоѓа во Римјаните 8,28: „Но знаеме дека сите работи содејствуваат за добро на оние, кои Го љубат Бога, кои се повикани по Неговата намера.“

*Сабота, 28 ноември 2020*

## РАСТЕЊЕ ПРЕКУ ИСКУШЕНИЈАТА

**„Блажен е човекот, кој поднесува искушение, зашто кога ќе биде испитан, ќе прими венец на живот, што Бог им го ветил на оние, кои Го љубат“ ( Јаков 1,12).**

Секое искушение претставува прилика да се направи она што треба да се направи. Кога ќе сфатиш дека на патот на духовната зрелост има исто толку прилики да се направи она што е добро, како и да се прави она што не е добро, дури и искушенијата ста-

нуваат повеќе скала, отколку камен на сопнување. Искушенијата даваат можност за избор. Додека искушението е основното оружје на сатаната да те уништи, Бог сака да го искористи тоа за ти да напредуваш. Секојпат кога ќе одбереш да правиш добро, а не да грешиш, ќе раснеш во Христовиот карактер. Еден од најконцизните описи на неговиот карактер е плодот на Духот: љубов, радост, мир, трпение, љубезност, добрина, верност, кротост, самоконтрола. Овие девет доблести на карактерот се еден вид проширена главна заповед и прекрасно го опишуваат Исуса Христа. Исус е совршена љубов, радост, мир, трпение и сè друго во една личност. Да се има плодот на Духот значи да се биде како Христос. Како тогаш Светиот Дух го создава ова во твоето искуство?

Плодот на Духот созрева и се развива полека. Бог го развива плодот на Духот на тој начин што дозволува да доживееш ситуација во која ќе бидеш во искушение да покажеш сосема поинаков квалитет. Изградувањето на карактерот секогаш вклучува избор, а искушенијата ја даваат таа можност. На пример, Бог нè учи да сакаме опкружувајќи нè со луѓе за кои сметаме дека не се такви за да ги сакаме. Не ти треба карактер за да ги сакаш луѓето кои се убави и кои ви се допаѓаат. Напротив, карактерот се покажува кога си искушан да не го сакаш некого, но ти го сакаш затоа што Бог така те учи. Така го менува твоето и моето срце. Бог нè учи дека, кога ќе се свртиме кон Него, ќе најдеме вистинска радост среде тага, вистински мир среде неволја, вистинска љубов кон оние за кои сметаме дека не заслужуваат да ги сакаме. Среќата зависи од надворешните околности, но радоста се заснова на твојот однос кон Бога. Бог развива вистински мир во нас, не на тој начин што сè ќе се одвива онака како што ние сме планирале, туку со тоа што дозволува да доживееме хаос и збунетост.

Секој може да биде смирен гледајќи го прекрасното зајдисонце или да се релаксира на годишен одмор. Но, ние учиме да имаме вистински мир кога ќе избереме да му веруваме на Бога во околности кога сме во искушение да се плашиме или да се грижиме. Слично на тоа, трпението се развива во оние ситуации кога сме принудени да чекаме, а ние сме во искушение да се лутиме или да

бидеме со краток фитил. Бог користи ситуации спротивни на плодот на Духот за да ни дозволи да го направиме нашиот избор. Не можеш да тврдиш дека си добар ако никогаш не си бил во искушение да бидеш лош. Не можеш да тврдиш дека си верен ако никогаш не си имал можност да бидеш неверен.

Чесноста се гради со совладување на искушението да бидеме нечесни; понизноста расте кога одбиваме да бидеме горделиви; упорноста се развива секогаш кога ќе го отфрлиме искушението да се откажеме. Секојпат кога ќе го победиш искушението, стануваш посличен на Христа!

*Сабота, 5 декември 2020*

## КАКО РАБОТАТ ИСКУШЕНИЈАТА

**„Да не нè прелаже сатаната, зашто неговите намисли добро ни се познати“ (2. Коринќаните 2,11).**

Корисно е да се знае дека сатаната е сосема предвидлив. Тој користи иста стратегија и стари трикови уште од создавањето на светот. Сите искушенија ја следат истата шема. Од Библијата гледаме дека искушението е процес од четири чекори, кој го применил сатаната и кај Адам и Ева и кај Исуса. Во **првиот чекор,** сатаната ја препознава желбата во вас. Може да биде грешна желба, како што е желбата за одмазда или желба да се контролираат другите, или може да биде оправдана, нормална желба да бидете сакани и ценети или да чувствувате задоволство. Искушението започнува кога сатаната предлага (во мислите) да се предадеш на некоја грешна желба, или да исполниш своја оправдана желба на погрешен начин или во погрешно време. Секогаш пазете се од пократкиот пат. Тука често лежат искушенијата! Сатаната ти шепоти: „Ти го заслужуваш тоа! Треба да го имаш тоа сега. Ќе ти биде возбудливо, ќе се чувствуваш подобро.“ Мислиме дека искушенијата се околу нас, но Бог вели дека тие започнуваат во нас.

Ако не си имал внатрешни желби, искушенијата не можеле да те привлечат. Искушенијата секогаш започнуваат во умот, а не во околностите. Исус рекол: „Зашто однатре, од срцето човечко, излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блудства, убиства, кражби, лакомства, лукавства, пакости, злоби, око завидливо, богохулство, гордост, безумство" (Марко 7,21-22).

**Вториот чекор е сомнеж.** Сатаната се обидува да те натера да се сомневаш во она што Бог го рекол за гревот: Дали е навистина лошо? Дали Бог навистина рекол тоа да не се прави? Зар Бог не сметал дека оваа забрана е за некој друг или за некое друго време? Зар Господ не сака да бидам среќен?"

Библијата предупредува: „Браќа, гледајте, да не би во некого од вас, да има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог" (Евреите 3,12).

**Третиот чекор е измама.** Сатаната не може да ја каже вистината и наречен е „татко на лагата". Што и да ви каже, ќе биде невистинито или само полувистина. Сатаната ги нуди своите лаги за да го замени она што Бог веќе го кажал во неговата Реч. Сатаната вели: „Нема да умреш. Ќе бидеш помудар од Бога. Можеш да избегаш со тоа. Никој нема да дознае. Тоа ќе ги реши твоите проблеми. Така прават сите. Тоа е мал грев." Но, малиот грев е исто и како да се биде малку бремен: на крајот ќе се покаже.

**Четвртиот чекор е непослушност.** Конечно го правиш она со што си се занимавал во мислите. Она што започнало како идеја, се раѓа во однесувањето. Се препушташ на она што го привлекло твоето внимание. Веруваш во лагите на сатаната и паѓаш во стапицата за која Јаков предупредува: „Но секого го искушува неговата похота која го влече и мами. Потоа похотта, откако ќе се зачне, раѓа грев, а гревот, извршен, раѓа смрт. Не мамете се, браќа мои возљубени!" (Јаков 1,14-16)

*Сабота, 12 декември 2020*

## ПОБЕДИ ГО ИСКУШЕНИЕТО

**„Ние, пак, не без мерка ќе се пофалиме, туку според правилото на мерката што ни е определена од Бога, за да допреме сè до вас“ (2. Коринќаните 10,13).**

**Секогаш постои излез.** Можеби понекогаш мислиш дека искушенијата што ги трпиш се премногу силни, но тоа е сатанска лага. Бог ветил дека никогаш нема да дозволи да носиш повеќе отколку што ти дал сила да издржиш. Тој нема да дозволи да дојде на тебе какво било искушение што не можеш да го победиш. Сепак, мора да го направиш својот дел така што ќе ги користиш четирите библиски клучеви за да го победиш искушението.

**Вниманието насочи го на нешто друго.** Може да те изненади тоа што никаде во Библијата не е наведено „да се спротивставиш на искушението“. Речено ни е да му се спротивставиме на ѓаволот, а тоа е многу поразлично. Наместо тоа, упатен ни е совет да го свртиме вниманието кон нешто друго, бидејќи невозможно е да се спротивставиме на мислите. Само ја интензивираме нашата насока во погрешен правец и ја зголемуваме нејзината привлечност. Затоа најбрзиот начин е да се сосредоточиш на нешто друго. Битката со гревот се добива или губи во твојот ум. Што и да го привлече твоето внимание, ќе те привлече и тебе.

**Откриј му ја својата борба на побожен пријател или на група што ќе ти даде поддршка.** Не треба искушенијата да му ги објавуваш на целиот свет, но треба да имаш барем една личност со која искрено ќе го споделиш она со што се бориш. Библијата вели: „Подобро им е на двајца, отколку на еден, бидејќи имаат добра награда за трудот свој. Зашто, ако падне едниот, другиот ќе го крене другарот свој. Но тешко на еден, ако падне, ќе нема друг, кој да го крене“ (Проповедник 4,9-10). Постојат моменти кога ни треба помош од другите луѓе. Божјиот план за твојот раст и слобода ги вклучува и другите христијани.

**Спротивстави му се на ѓаволот.** Ние треба смирено да ги поднесуваме нападите. Мораме да му возвратиме. Новиот Завет често го опишува христијанскиот живот како духовна борба со злите сили и користи воени термини како битка, освојување, борба и победа. Христијаните честопати се споредуваат со војници кои служат на непријателска територија. Оружјето е Божјата реч, а примерот е Исус Христос.

**Разбери ја својата ранливост.** Бог нѐ предупредува никогаш да не бидеме премногу самоуверени и со преголема самодоверба; тоа е рецепт за несреќа. Еремија напишал: „Лукаво е човечкото срце повеќе од сѐ и е наполно расипано; кој ќе го разбере?“ (Еремија 17,9). Тоа значи дека сме добри во тоа да се залажуваме себеси. Под соодветни околности, секој од нас е способен за кој било грев. Никогаш не смееме да се откажеме од претпазливоста. Избегнувај ги искушенијата: Полесно е да го избегнеш искушението отколку да се излечеш од него.

*Сабота, 19 декември 2020*

## ПОТРЕБНО Е ВРЕМЕ

**„Сѐ има свое време, и секоја работа под небото има свое време“ (Проповедник 3,1).**

Нема кратенки на патот до зрелоста. Потребни се години за да пораснеме; потребна е цела сезона за овошјето да порасне и да созрее. Исто е и со плодот на Духот. Не може да се брза со изградбата на карактерот кој треба да биде како Христовиот. За духовниот раст, како и за физичкиот, потребно е време. Кога ќе се обидеш набрзина да добиеш зрело овошје, тоа го губи својот вкус. Многумина, за жал, берат недозреан домат за да не изгние на патот до продавницата. Потоа, пред да почне продажбата, овој зелен домат се попрскува со $CO2$ за да стане црвен. Вака прсканите домати се јадат, но немаат вкус како оние што полека созреваат во полето.

Додека се грижиме за тоа колку брзо растеме, Бог е заинтересиран за тоа колку стануваме силни. Бог го гледа нашиот живот од перспектива на вечноста и го подготвува за вечноста, така што никогаш не брза. Лејн Адам еднаш го споредил процесот на духовен раст со стратегијата што ја користеле сојузниците во Втората светска војна за ослободување на островите во Јужниот Пацифик. Најпрво островот би бил „ослабен од оган", слабеејќи го отпорот со бомбардирање на непријателските утврдувања од бродовите близу крајбрежјето. Тогаш мала група маринци го напаѓала островот и создавала „мостобран", дел од островот што требало да биде под нивна контрола. Откако тој дел ќе се обезбедел, тие започнувале да го ослободуваат остатокот од островот, дел по дел од територијата. На крајот, целиот остров би бил под контрола, но не без тешки борби. Адамс ја повлекол оваа паралела: пред Христос да влезе во нашиот живот при преобратувањето, тој понекогаш мора да нè „ослаби" дозволувајќи да се појават проблеми што не можеме да ги совладаме. Додека некои го отвораат својот живот за Христа уште првиот пат кога Тој ќе затропа на вратата, повеќето од нас се спротивставуваат и заземаат одбранбен став.

Учењето е процес на прилагодување кон Христа. Да бидеш сличен на Христа, тоа е твојата последна дестинација; но тоа патување трае цел живот. Секој ден Бог сака да изгледате сè послични на Него. Денеска сме опседнати со брзината, но Господ повеќе го интересира силата и стабилноста отколку брзината. Ние сакаме брза поправка, пократкиот пат, инстант решение. Сакаме проповед, искуство или семинар што веднаш ќе ги реши сите проблеми, ќе ги отстрани сите искушенија и ќе нè ослободи од сите болки при растењето. Но, вистинската зрелост никогаш не е резултат на индивидуално, односно поединечно искуство, колку и да моќно или возбудливо. Растењето се одвива постепено, „од слава во слава, како од Господовиот Дух" (2. Коринќаните 3,18).

*Сабота, 26 декември 2020*

## ЗОШТО ТРАЕ ТОЛКУ ДОЛГО?

**„Грижи се за тоа, на тоа предади се, та успехот твој да им стане јасен на сите!“ (1. Тимотеј 4,15).**

Иако Бог може да нè промени за миг, Тој избрал да се развиваме полека. Исус претпазливо постапува во обуката на своите ученици. Исто како што Бог ги оставил Израелците „малку по малку“ да ја преземат Ветената земја за да не доживеат неуспех, тој претпочита да работи чекор по чекор во нашиот живот. Зошто нашата промена и растење траат толку долго? Постојат неколку причини:

**Учиме доста бавно.** Често треба да ја повториме лекцијата четириесет или педесет пати за навистина да ја научиме. Проблемите постојано се враќаат и ние мислиме „Зар повторно!“ Но, Бог знае подобро. Историјата на еврејскиот народ покажува колку брзо ги заборавме лекциите на коишто Бог нè учи и колку брзо се враќаме на стариот начин на однесување. Потребно ни е повторување на лекциите.

**Потребно е многу одвикнување.** Голем број луѓе наивно очекуваат длабоко вкоренетите навики да исчезнат преку ноќ. Нема пилула, молитва или принцип што ќе ги отстрани долгорочните штети во еден момент. Потребно е многу напор за да се отстрани и замени нешто. Обратувањето може да биде прашање на момент, но посветувањето е прашање на цел живот.

**Се плашиме да се соочиме со вистината за нас самите.** Вистината што ослободува, може да направи да се чувствуваме мизерно. Стравот од она што би можеле да го откриеме, ако искрено се соочиме со недостатоците на нашиот карактер, нè тера да живееме како робови на негирањето на вистината. Само кога ќе му дозволиме на Бога да ги осветли нашите грешки, неуспеси и пречки со светлината на Неговата вистина, ние можеме да започнеме да работиме на нив. Не можеме да растеме ако не сме подготвени да се понизиме и да учиме.

**Растењето е болно и застрашувачко.** Нема растење без промени; нема промени без страв од губиток. Нема губиток без болка. Секоја промена подразбира некаква загуба. Треба да го напуштиме стариот начин на живот за да доживееме нешто ново. Се плашиме од овие загуби, дури и кога тоа е на наша штета, затоа што тоа ни било познато и пријатно. Луѓето го градат својот идентитет врз основа на нивните мани. „Тоа баш личи на мене...“ „Па, ете, таков сум...“ Овој став може да го забави растот. Потребно е време да се развијат добри навики. Твојот карактер е збир на сите твои навики. Постои само еден начин да развиеш навики кои прават да имаш карактер сличен на Христовиот: мора да ги практикуваш тие навики, а за тоа е потребно време.

**ГРАДИВО 4/2020**
**Совети за подобар христијански живот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква, црква на адвентистите на седмиот ден во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**